Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08, 57/2010 и 35/11) ги утврдува мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Причините за изменување и дополнување на овој закон произлегоа од потребата за негово усогласување со одредбите од новиот Закон за кривична постапка.

Одредбите кои ги регулираат прекршоците во Предлогот на Законот се усогласуваат со Законот за прекршоци. Предложените одредби ја прецизираат одговорноста на лицето на кое му е доверен определен круг на работи, односно му е доверена контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и ја прецизираат прекршочната одговорност на субјектите од член 5 став 1 точка 2 од Законот.

1. **Опис на проблемите**

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам како административен модел на Единица за финансиско разузнавање е надлежна да прибира, обработува и доставува податоци и информации за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризирам. Називот на оваа институција во секојдневната практика често произведува проблеми поради кои ретко кога именување на Управата е точно. Исто така, називот правилно и сеопфатно не ги одразува сите надлежности кои ги извршува Управата, како што се надлежностите поврзани со доставување на известувања за други финансиски кривични дела до Управата за јавни приходи, покрај доставувањето на извештаи за сомневање на перење пари и финансирање на тероризам до органите на прогонот. Покрај овие причини постојат и други аргументи кои посочуваат кон потребата од поедноставување на називот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Членот 200 од Законот за кривична постапка го регулира постапувањето со податоци кои се банкарска тајна, го регулира давањето налог за следење на трансакции и ја определува рамката на привремените мерки кои финансиските институции се задолжени да ги почитуваат. Постапката за имплементација на привремените мерки определена со овој закон е постапка кој претходи на

постапката која ја определува Законот за кривична постапка. Имајќи предвид дека основната рамка на постапување во случај на примена на привремени мерки ја определува Законот за кривична постапка, потребно е овој закон како специјален закон да го усогласи постапувањето на надлежните институции при определувањето на времена забрана за користење или располагање со пари, хартии од вредност, фондови или друг имот.

Во практичната примена на овој закон се утврди дека дадената дефиниција за „одговорното лице“ не е во склад со одредбите од Законот за прекршоци и истата создава правна несигурност и ја доведува во прашање примената на основните принципи на постоење и утврдување на прекршочната одговорност утврдени со Законот за прекршоци, односно создава состојбата во која прекршочно е одговорно одговорното лице (досега дефинирано како законскиот застапник на правното лице) за дејствија кои со закон се утврдени и пренесени како исклучива надлежност на друго лице, односно на овластеното лице. Исто така, при практичната примена на прекршочните одредби утврдени се определени слабости во дефинирањето на прекршочната политика кои генерираат правна несигурност.

**2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Предложените одредби треба да доведат до поефикасна имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите кои се дел од бизнис заедницата во Република Македонија.

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам да го промени својот назив во Управа за финансиско разузнавање заради усогласување со меѓународната дефиниција за институции од истиот тип (Единица за финансиско разузнавање), заради усогласување со меѓународните стандарди и практика, а притоа земајќи ја предвид основната надлежност и функција на Управата – анализа, обработка и доставување на финансиски информации и податоци;

Процедурата за имплементација на привремените мерки кои овој закон ги дефинира како времена забрана за користење или располагање со пари, хартии од вредност, фондови или друг имот се усогласува со концептот определен во член 200 од Законот за кривичната постапка,

Зголемување на степенот на усогласениот со Законот за прекршоци, односно прецизно се дефинира поимот „одговорното лице“ и се прецизира прекршочната одговорноста на субјектите од член 5 став 1 точка 2 од Законот во членот 51.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам да го промени својот назив во Управа за финансиско разузнавање

<u>Опис:</u>

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам го променува својот назив во Управа за финансиско разузнавање. Со оваа промена постигнуваат повеќе ефекти, се врши усогласување со меѓународната дефиниција на институциите кои се надлежни да постапуваат за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам, со меѓународните стандарди и практика. Новиот назив ја одразува основната надлежност и функција на Управата – анализа, обработка и доставување на финансиски информации и податоци.

1.Трошоци

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите.

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Финансиските институции со промена на називот на Управата немаат финансиски придобивки.

-Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Финансиските институции со промена на називот на Управата немаат нефинансиски придобивки.

**3.Ризици и претпоставки**

Новиот назив на Управата покрај тоа што ќе изврши унифицирање на оваа институција со Единиците за финансиско разузнавање во другите држави, поадекватно ќе ги одрази сите надлежности и функции кои ги извршува за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам, но исто така ќе обезбеди и негова правилна примена во секојдневната практика. Сепак, оваа промена ќе ја наметне потребата од изменување на сите законски и подзаконски акти кои го содржат називот „Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам“.

**2.1.3.4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на поправилна и поадекватна примена на називот на оваа институција која дејствува на полето на превенција од перење пари и финансирање на тероризам.

**Предложено решение (опција):** Процедурата за имплементација на привремени мерки усогласена со Законот за кривичната постапка

<u>Опис:</u>

Процедурата за имплементација на привремени мерки е постапка во која се дефинираат обврските на надлежните институции при определувањето на мерките кои значат времена забрана за користење или располагање со пари, хартии од вредност, фондови или друг имот. Во членот 200 од Законот за кривична постапка се регулира постапувањето со податоци кои се банкарска тајна, се регулира давањето налог за следење на трансакции и определувањето на привремените мерки кои финансиските институции се задолжени да ги почитуваат. Имајќи предвид дека овие два закони единствено се поклопуваат во определувањето на начинот на постапување со привремените мерки, со овој предлог закон се врши усогласување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело со Законот за кривична постапка.

**1.Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите во смисла на обврска да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува иницијални трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и органите на прогонот.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува континуирани трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и органите на прогонот.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Оваа одредба не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со оваа одредба субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат финансиски придобивки.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Со ова решение субјектите немаат нефинансиски придобивки.

**3.Ризици и претпоставки**

Процедурата за имплементација на привремените мерки е постапка која наоѓа своја примена во случаите кога постои сомневање за кривичното дело перење

пари или финансирање на тероризам. Во досегашната практика при примената на овие мерки не се констатирани проблеми во постапувањето на инволвираните институции: Управата, јавниот обвинител, истражниот судија и субјектите кои се задолжени да ја применат оваа мерка. Имајќи предвид дека предложените измени не го менуваат ниту концептот ниту суштината на постапката и истите претставуваат дополнувања кои имаат повеќе технички карактер, се очекува овие мерки да продолжат успешно да се применуваат.

### 4.Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на зајакнување ефикасната имплементација на мерките за спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.

**Предложено решение (опција):** Зголемување на степенот на усогласениот со Законот за прекршоци

**<u>Опис:</u>**

При практичната примена се утврди дека дефиницијата за „одговорното лице" дадената во член 2 на овој закон не е во склад со одредбите од Законот за прекршоци и истата создава правна несигурност и ја доведува во прашање примената на основните принципи на постоење и утврдување на прекршочната одговорност утврдени со Законот за прекршоци. Исто така, при практичната примена на прекршочните одредби утврдени се определени слабости во дефинирањето на прекршочната политика кои генерираат правна несигурност.

**1. Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Овие одредби не предвидуваат воведување на нови формалности за задолжените субјектите во смисла на обврска да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Овие одредби не предизвикува иницијални трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и другите органи на надзорот утврдени со Законот.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Овие одредби не предизвикува континуирани трошоци за Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и другите органи на надзорот утврдени со Законот.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Предлог законот не предизвикува оперативни трошоци за правните или физичките лица.

**2.Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со оглед на природата и содржината на материјата која ја регулираат овие одредби (прекршочни одредби), субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат финансиски придобивки.

-Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Субјектите задолжени да превземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам немаат нефинансиски придобивки.

**3.Ризици и претпоставки**

Не се утврдени ризици кои би влијаеле на примената на предложените одредби, ниту претпоставки кои претходно треба да се исполнат.

**4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Предложеното решение очекуваме дека ќе влијае во насока на унапредување на казнената политика со крајна цел зајакнување ефикасната имплементација на мерките за спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам.

**Чекор 3: Консултации**

Во подготвувањето на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам земени се предвид и вградени мислењата од надлежните државни органи: Секретаријат за законодавство, Министерството за финансии, Министерство за правда и Министерство за внатрешни работи.

## Резиме на иницијалната
## проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам го променува својот назив во Управа за финансиско разузнавање. Со предложената промена се врши усогласување со меѓународната дефиниција за институции од истиот тип (Единица за финансиско разузнавање) и со релевантните меѓународни стандарди и практика. Земајќи ја предвид основната надлежност и функција на Управата – анализа, обработка и доставување на финансиски информации, дадениот предлог сеопфатно ги одразува сите надлежности кои ги извршува Управата.

Процедурата за имплементација на привремените мерки кои овој закон ги дефинира како времена забрана за користење или располагање со пари, хартии од вредност, фондови или друг имот се усогласува со концептот определен во член 200 од Законот за кривичната постапка.

Исто така, со предложените измени се зголемува степенот на усогласениот на овој закон со Законот за прекршоци, односно прецизно се дефинира поимот за „одговорното лице“ и се прецизира прекршочната одговорноста на субјектите од член 5 став 1 точка 2 од Законот во членот 51 и се надминуваат определени слабости во дефинирањето на прекршочната политика кои генерираат правна несигурност.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Искра Дамчевска, советник во Одделението за меѓународна соработка и развој на системот,

Анета Ѓорческа, раководител на Одделение за спречување на финансирање на тероризам и

Марија Ангеловска – Стојановска, раководител на Сектор за регулатива и развој на систем, сите од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

м-р Зоран Ставрески, Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии и

Владимир Атанасовски, в.д. директор на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Министерство за правда, Министерство за финансии, Секретаријат за законодавство и Министерство за внатрешни работи. | ДА<br><br>25.01.2012 |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Зоран Ставрески,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии
Датум:

.............................................................................